Ачилор
Совет

**Р е п у б л и к а  С е в е р н а  М а к е д о н и ј а**
**Одделение за инспекциски работи**
ул. "Димитар Влахов" бр.10 2330 Берово Р.С.Македонија
тел/ факс : 033/ 471 - 057
www.so.berovo@t.mk

# Извештај за работа на инспектор за животна средина на Општина Берово за период Јануари – Декември 2023 година

бр. :13-88/4
од :05.01.2024
**Б е р о в о**

**Резиме**

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/19), а согласно правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци односно јануари – јуни и јули – декември во тековната и годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Сл.Весник на РСМ бр.238/19), изработен е овој годишен извештај за периодот јануари - јули 2023 година.

Инспекцискиот надзор во Општина Берово се врши преку одделението за инспекциски работи и овластените инспектори на Општината. Инспекцискиот надзор се вршеше во секоја област поединечно за која е надлежна Општината и за која има овластен инспектор, согласно, Законот за инспекциски надзор, како и законите од кои произлегуваат овластувањата за инспекциски надзор на овластените инспектори.

Во изминативе дванаесет месеци инспекциското одделение работеше согласно одредбите систематизирани по области и тоа : инспекциски надзор – вршеше контрола над субјектите, правни и физички лица, обуки и работни состаноци, аналитичко-информативна дејност, соработка со другите сектори од општината и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци предлози и подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Совет на Општина Берово.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно уставот, законите и другите прописи донесени со закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес.

**Управување со ризици**

Голем ризик при вршењето на инспекцискиот надзор, односно при отпочнување на инспекциски надзор, преставуваше и уредната достава на известувањата за вршење на надзор, како и поканите на странките, од причина што странките или не вршеа подигање на доставата од пошта или одбиваа лично да го примат писменото. Од страна на инспекторите согласно законските можности, беа вложени напори за реализација на уредна достава согласно можностите дадени во Законот за општа управна постапка и Законот за инспекциски надзор. Процената на ризик во вршење на инспекциски надзор кај субјектите на надзор се уште не е добро дефинирана согласно различните области, бидејки за тоа ќе биде потребна подолготрајна и подетална анализа на субјектите кои се предмет на надзор за да се одреди нивото на ризик. Инаку обврската за одредување на степенот на ризик за вршење на инспекцискиот надзор кој одредени субјекти на надзор согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор не е задолжителна за инспекциските служби во рамките на единиците на локалната самоуправа.

Општинските инспектори за животна средина по потреба, ќе продолжат и со активности и иницијативи за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Општина Берово. Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на општинските инспектори за животна средина, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**Организација и раководење**

Согласно Правилникот за систематизацијата на работните места на општинската администрација на Општина Берово, инспекциската служба е организирана како Одделение за инспекциски работи - Инспекторат без раководител на одделение со овластени инспектори за одредени области:

- Советник комунален инспектор - 1 извршител,
- Советник инспектор за патен сообраќај - 1 извршител,
- Советник просветен инспектор - 1 извршител,
- Советник градежен инспектор - 1 извршител,
- Помлад инспектор за животна средина - 1 извршител,
- Помлад инспектор за туризам - 1 извршител.

Според тоа во одделението за инспекциски работи при Општина Берово, инспекцискиот надзор се врши од страна на 6 инспектори во 6 области.

**Инспекциски надзор**

Во овој дел е даден приказ за извршените инспекциски надзори за секоја област - по овластен инспектор поединечно. Табелата за годишен извештај која произлегува од Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциските служби (Сл.Весник на РСМ бр.238/19), е модифицирана од наша

страна, бидејки истата не одговара за инспекторатите кои се во состав на единиците на локална самоуправа.

**Инспектор за животна средина**

Надлежностите на инспекторот за животна средина се утврдени со материјалните и системските закони како и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Закон за инспекциски надзор во животната средина
- Законот за општа управна постапка
- Законот за прекршоците
- Законот за животна средина
- Законот за заштита од бучава во животната средина
- Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух
- Законот за управување со отпадот
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, кои ќе бидат донесени во текот на 2023 година а се во надлежност на инспекторите за животна средина.

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

-редовен
-вонреден и
-контролен инспекциски надзор.

Инспекциската контрола во делот на животната средина ќе се врши во 8 населени места, 1 градска средина и 2 туристички населби со цел поефикасно и поквалитетно следење на состојбите на територијата на општина Берово и тоа:

- Утврдување дали правните субјекти според активностите и видот на дејноста (производството) подлежат на Елаборат за заштита на животната средина.
- Утврдување на обврските на правните и физички лица во врска со управувањето на отпад и обврските кои произлегуваат од истиот,
- Контрола на правни и физички лица кои напуштаат или согоруваат отпад
- механичарски работилници за начинот за постапување со опасниот отпад –отпадно моторно масло и спречување на негово согорување;
- Контрола на лимарски и автомеханичарски работилници во врска со постапување со отпаден метал и гума;
- автолимарски работилници- контрола на бучава и штетност од бои и лакови

- Управување со пакување и отпад од пакување
- Субјекти кои подгоптвуваат и послужуваат храна во поглед на емисии во воздух, миризба и бучава
- Контрола на субјекти кои се занимаваат со преработка и производство на мебел,
- Контрола на пилани/пелетари во врска со бучава и емисии во воздух;
- Утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите и дејностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, подлежи на А или на Б- интегрирана еколошка дозвола.
- Контрола на субјекти со Б интегрирани еконошки дозволи во поглед на емисии во воздух,вода,управување со отпад и бучава;
- Контрола на Фарми и одгледувалишта на стока во врска со емисија на отпадни води во водотеци;
- Испуст во каналазицациски систем, отпадно масло (автомеханичарски и ресторани), не третирани индустриски отпадни води и обврската на правните субјекти со ваков тип на отпад за договори за постапување;
- Постапување по спроведени мерења од страна на Овластена лабараторија за испитување на ниво на бучава, квалитет на амбиентален воздух и квалитет на водата за доследно спроведување на законските обврски, односно проверка на максимално дозволените количества односно граници кај правниот субјект кои подлежат на издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и правниот субјект за кој се издава решение за оцена на влијанието на објектот врз животната средина.
- Постапување по преставки поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени созанија и по сопствена иницијатива.
- Водење на управна постапка
- Прием на странки

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

-редовен
-вонреден и
-контролен инспекциски надзор.

Инспекторот за животна средина во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано соработуваше со сите одделенија во општината и органите на државна управа.

Табела 1. Преглед на вкупен број на спроведени инспекциски надзори во 2023 година

| Ред број | Општина Берово<br>Извршител 1 | Редовен | Вонреден | Контролен | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Инспектор за животна средина | / | 11 | 10 | 22 | 10 |

**Обука на инспекторите и административните службеници :**

Општинските инспектори за животна средина ќе земат учество на работилници, семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти , односно следните специјализирани обуки :

- Законот за општа управна постапка
- Законот за инспекциски надзор
- Закон за инспекциски надзор во животната средина
- Законот за прекршоците
- Законот за животна средина
- Законот за заштита од бучава во животната средина
- Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух
- Законот за управување со отпадот
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад

И нивните измени и дополнувања во текот на 2024 година и учество на следниве генерички обуки:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати

**Буџет и финансирање**

За спроведување на планот за работа на одделението за инспекциски работи, потребните финансиски средства се обезбедуваат од буџетот на Општина Берово за 2023 година.

**Други активности на инспекциската служба**

Покрај вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите беа ангажирани и за вршење на други работни задачи и активности, за потребите на општината.
Обработени 29 Барања во Комисија за проценка на штети и изготвување на елаборат за проценка,
Во изминатиот временски период секој од овластените инспектори изготвуваше месечен план за работа, дневен извештај и полугодишен извештај - статистика.

Во изминатиот период овластените инспектори имаат континуирана соработка со ПС од ОН Берово и државни инспектори од подрачните служби.

ОПШТИНА БЕРОВО
Инспектор за животна средина
Катерина Скендерски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БЕРОВО *